УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ
ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
ИНСТИТУТ ЗА ЕТНОЛОГИЈА И АНТРОПОЛОГИЈА

ПРЕДЛОГ-ПРОЕКТ ЗА ПОВТОРНА АКРЕДИТАЦИЈА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ОД ТРЕТ ЦИКЛУС СТУДИИ ПО ЕТНОЛОГИЈА И АНТРОПОЛОГИЈА

СКОПЈЕ, 2018

ПРЕДЛОГ-ПРОЕКТ ЗА ПОВТОРНА АКРЕДИТАЦИЈА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ОД ТРЕТ ЦИКЛУС СТУДИИ ПО ЕТНОЛОГИЈА И АНТРОПОЛОГИЈА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ЕТНОЛОГИЈА И АНТРОПОЛОГИЈА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ

Студиска програма по ЕТНОЛОГИЈА И АНТРОПОЛОГИЈА

Поднесувач на елаборатот:

Институт за етнологија и антропологија, Природно-математички факултет, УКИМ, Скопје

Изработувачи на елаборатот:

Проф. д-р Љупчо С. Ристески – редовен професор, Раководител на ССДС на ИЕА, ПМФ, УКИМ;

Проф. д-р Мирјана Мирчевска– редовен професор на ИЕА, ПМФ, УКИМ;

Проф. д-р Илина Јакимовска – вонреден професор на ИЕА, ПМФ, УКИМ;

Проф. д-р Даворин Трпески – вонреден професор, Раководител на ИЕА, ПМФ, УКИМ;

Проф. д-р Ана Ашталковска Гајтаноска – вонреден професор на ИЕА, ПМФ, УКИМ;

Д-р Инес Црвенковска Ристеска – доцент на ИЕА, ПМФ, УКИМ;

СОДРЖИНА

СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ОД ТРЕТ ЦИКЛУС СТУДИИ ПО ЕТНОЛОГИЈА И АНТРОПОЛОГИЈА 1
ЗА СТУДИИ ОД ТРЕТ ЦИКЛУС 4
ПО ЕТНОЛОГИЈА И АНТРОПОЛОГИЈА 4
2. Одлука за усвојување на студиската програма од Наставно- научниот совет на единицата, односно Советот на научната установа 18
3. Одлука за усвојување на студиската програма од Ректорската управа или Универзитетскиот сенат, односно Советот на научната установа 18
4. Научно- истражувачко подрачје, поле и област, каде припаѓа студиската програма 18
5. Вид на студиската програма (академски или стручни) 19
6. Степен на образование 19
7. Цел и оправданост за воведување на студиските програми 19
8. Години и семестри на траење на студиската програма 19
9. ЕКТС кредити со кои се стекнува студентот 19
10. Начин на финансирање, а за приватните високообразовни и научни установи и доказ за обезбедена квалитетна финансиска гаранција за студиската програма 19
11. Услови за запишување 20
11.1 СТРУКТУРА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА согласно правилникот за организирање докторски студии на единицата, број на предвидени предмети и стекнати кредити, како и број на кредити стекнати со изработката на докторскиот труд 20
11.2 Распределба на предметите и кредити по години 21
11.3 Структура на студиската програма по етнологија и антропологија 22
11.4 Утврден сооднос помеѓу задолжителните и изборните предмети, со листа на задолжителни предмети, листа на изборни предмети и дефиниран начин на избор на предметите 25
11.5 Прозорец за мобилност- наставни предмети чии активности може да се изведуваат на англиски јазик . 25
11.6 Организација на наставата на третиот циклус е следна 25
12. Листа на опрема предвидена за реализација на студиската програма 29
13. Предметни програми со информации согласно со членот 4 од овој правилник (Прилог бр. 3.1 и 3.2) 29
14. Список на наставен кадар со податоци наведени во членот 5 од овој правилник (Прилог бр. 4) 29
16. Изјава од наставникот за давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма (прилог 5) 30
17. Согласност од високообразовната установа за учество на наставникот во реализацијата на студиската програма 30
19. Информација за бројот на студенти за запишување во првата година на студиската програма 31
20. Информација за бројот на наставници во полето односно областа од научно-истражувачкото подрачје неопходни за организирање на докторски студии 31
21. Информација за обезбедена задолжителна и дополнителна литература 32
22. Информација за веб страница 32
23. Информација за реализација на научноистражувачки проекти со кои се опфатени најмалку 20% од наставниот кадар 32
24. Научен назив со кој се стекнува студентот по завршување на студиската програма 33
25. Обезбедена меѓународна мобилност на студентите 34
26. Активности и механизми преку кои се развива и се одржува квалитетот на наставата 34
ПРИЛОЗИ 37
ПРИЛОГ 1а. Одлука за усвојување на студиската програма од Наставно- научниот совет на единицата, односно Советот на научната установа 37
ПРИЛОГ 1б. Извештај од Одборот за соработка и доверба со јавноста на Природно-математичкиот факултет
ПРИЛОГ 3.1 44
ЛИСТА ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ОСНОВНИ ПРЕДМЕТИ – 44
ПРИЛОГ 3.2 49
ЛИСТА ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ОСНОВНИ ПРЕДМЕТИ – 49
ПРИЛОГ 3.3 ЛИСТА ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ 56
ПРИЛОГ 4. ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНИЦИТЕ КОИ 68
ИЗВЕДУВААТ НАСТАВА НА 68
ТРЕТ ЦИКЛУС СТУДИИ 68
ПРИЛОГ 5. Изјава од наставникот за давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма 101
ПРИЛОГ 6. Согласност од високообразовната установа за учество на наставникот во реализацијата на студиската програма 107
26. Пример на Додаток на диплома 108

СТУДИСКА ПРОГРАМА

ЗА СТУДИИ ОД ТРЕТ ЦИКЛУС
ПО ЕТНОЛОГИЈА И АНТРОПОЛОГИЈА

ВОВЕД

Првата акредитирана студиска програма од трет циклус студии по етнологија и антропологија на Институтот за етнологија и антропологија на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е акредитирана со Решение за акредитација бр. 12-154/2 на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование од 23.01.2015 г. Со Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус тригодишни докторски студии по етнологија и антропологија бр. 14-301 од 21.04.2015 г. Министерството за образование и наука на Република Македонија е утврденои дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма.

Согласно законските норми за траење на оваа акредитација од три години, поднесуваме Предлог-проект за повторна акредитација на студиската програма од трет циклус по етнологија и антропологија.

Во приложениот предлог проект дадена е студиската програма (веќе постоечка) која се организира и реализира на Институтот за етнологија и антропологија со измените кои се предвидуваат согласно:

• Законот за високото образование објавен во Службен весник на Република Македонија бр. 82 од 08.05.2018 г. ;

• Закон за националната рамка на квалификации објавен во Службен весник на Република Македонија, бр.137 од 7. октомври 2013 година;

• Уредба за Националната рамка на високообразовните квалификации објавена во Службен весник на Република Македонија бр.154 од 2010 година;

• Уредба за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност објавена во Службен весник на Република Македонија бр.103 од 30 јули 2010 година;

• Правилник за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација,с тандардите за акредитација и евалуација, како и
други прашања во врска со работата на одборот за акредитација и евалуација на високото образование објавен во Сл. Весник на Р. Македонија Број 151 30 ноември 2012 година;

• Правилник за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат
студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус на студии објавен во Сл. Весник на Р. Македонија бр.25 од 28.2.2011 година;

• Правилник за измени и дополнувања на Правилникот за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус на студии објавен во Сл. Весник на Р. Македонија бр.154 од 4.11.2011 година;

4

• Статут на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј” во Скопје (пречистен текст) објавен во Универзитетски гласник бр.251 од 24 јули 2013 година;

• Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (пречистен текст) објавен во Универзитетски гласник бр. 245, 2 мај
2013 година;

• Правилник за утврдување на износот на трошоците за студирање на третиот циклус на докторски студии на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј” во Скопје и нивна распределба објавен во Универзитетски гласник бр.245 од 2 мај 2013 година.

Сите предвидени промени се во рамките на законските принципи и норми на организирање и изведување на наставата предвидени во Законот за Високото образование и во Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор и трет циклус на студии (УКИМ, Интеруниверзитетска Конференција од 18. јуни и 6. јули 2009 година. Целосната студиски програма и организацијата на студирањето се во прилог на овој предлог проект.

Со оглед на тоа што приложениот проект не се однесува на нова студиска програма, истиот претставува материјал за реакредитација, кој предвидува измени и дополнување на веќе постоечката студиска програма за трет циклус на студии на Институтот за етнологија и антропологија на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Скопје.

Главната цел на докторските студии по етнологија и антропологија е да им се понудат продлабочени знаења на студентите во одделни и специфични области и полиња на етнологијата и антропологијата од традициските и современите култури во Македонија, Балканот и Југоисточна Европа; потоа проучување на традициските и современите процеси на културите во Европа и ви сите останати делови на светот и да ги следи низ компаративна перспектива процесите на културите и општествата во светот. Студентите на докторските студии треба да се стекнат со знаења и способности да дефинираат истражувачки проблеми во етнологијата и антропологијата како и низ интердисциплинарен пристап на другите хуманистички и општествени дисциплини да пристапат кон проучување на општествените и културните проблеми. Докторот на етнолошки и антрополошки науки треба да може да ги препознае, да ги документира, класифицира, да ги интерпретира и да ги оценува елементите на културното и општественото наследство и да може своите знаења и резултати да ги примени во областите на социјалната и културнатра политика како и во применетата антропологија.

Студиската програма по етнологија и антропологија од трет степен е конципирана согласно увидот во најновите студиски програми на повеќе европски Универзитети и може да се каже дека е компатибилна и компарабилна со повеќе европски, како и Универзитрети во регионот.

Институтот за етнологија и антропологија подолго од 10 години учествува во повеќе академски формални (ERASMUS, CEEPUS, BASILEUS, JoinEU-SEE) и неформални мрежи (Border Crossing) кои им овозможуваат на реализаторите на студиската програма и на студентите да се стекнат со искуства на повеќе европски Универзитети, како и да ги споделат сопствените искуства со колегите кои учествуваат во овие мрежи на мобилност.

Задолжителни компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од третиот циклус на студии

Карта на Природно-математичкиот факултет, Институт за биологија

Назив на високообразовната	Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје Природно-математички факултет - Скопје		
Седиште	Ул. Архимедова, бр. 3, 1000 Скопје		
Интернет страница	http://www.pmf.ukim.edu.m		
Вид на високообразовната установа	Јавна високообразовна установа		
Податоци за основачот (на приватна високообразовна	Собрание на Република Македонија		
	Назив на студиската програма ПРВ ЦИКЛУС	**Решение од одбор за акредитација**	**Решение за почеток со работа од МОН**
		БИОЛОГИЈА	
Податоци за последната акредитација			
	екологија	17-529/4 од 12.7.2017	УП1 14-1626 од 25.9.2017
	молекуларна биологија	12-297/1 од 10.9.2012	13-7348/4 од 30.10.2012
	биологија (за наставен кадар во средното обр.)	12-297/1 од 10.9.2012	13-7348/4 од 30.10.2012
	нутриционизам	17-529/2 од 20.6.2017г.	УП 1 14-1327 од 7.8.2017
		ГЕОГРАФИЈА	
	наставна географија	12-211/2 од 15.3.2016	УП 1 14-612 од 11.4.2016
	географски информациски системи	12-221/2 од 9.2.2015	УП 1 14-610 од 9.4.2015
	демографија	12-60/2 од 19.5.2015	УП 1 14-1776 од 29.10.2015
	туризам	12-299,300,301,302,	13-9101/4 од 14.08.2013

	303,304/1 од	
ЕТНОЛОГИЈА И АНТРОПОЛОГИЈА		
етнологија и антропологија	1-527/3 од 17.8.2017г.	УП1 14-853 од 08.05.2017
МАТЕМАТИК		
наставна математика	12-299,300,301,302, 303,304/1 од	13-9101/4 од 14.08.2013
теориска математика	12-299,300,301,302, 303,304/1 од	13-9101/4 од 14.08.2013
математичко програмирање	12-299,300,301,302, 303,304/1 од	13-9101/4 од 14.08.2013
студиска програма: математичка економија	12-299,300,301,302, 303,304/1 од	13-9101/4 од 14.08.2013
математика-информатика (применета)	17-226/2 од 28.03.2017	во постапка
математика- информатика (наставна)	12-26/5 од 13.03.2012	13-4835/5 од 29.08.2012
ДВОПРЕДМЕТНИ СТУДИСКИ ПРОГРАМИ		
Биологија-хемија	17-529/7 од 23.03.2017	УП1 14-853 од 08.05.2017
Математика -информатика	17-226/2 од 28.3.2017	УП1 14-939 од 10.05.2017
Математика-физика за основно образование	12-36/2 од 15.4.2014	13-7931/4 од 20.5.2014
ФИЗИК		
Наставна физика	17-477/2 од 12.7.2017	УП1 14-1626 од 25.9.2017
Теориска физика	17-222/2 од 23.3.2017	УП1 14-853 од 8.5.2017
Применета физика	17-373/2 од 13.1.2017	УП1 14-410 од 20.4.2017
Геофизика и метеорологија	17-475/2 од 12.7.2017	УП1 14-1626 од 25.9.2017
Астрономија и астрофизика	17-374/2 од 13.1.2017	УП1 14-410 од 20.4.2017
Медицинска физика	17-476/2 од 12.7.2017	УП1 14-1626 од 25.9.2017
Физика на компјутерски хардвер	12-299,300,301,302, 303,304/1 од	13-9101/4 од 14.8.2013
Форензичка физика	12-305/2 од 13.3.2013	13-7583/4 од 20.5.2013
Физика на сончева енергија	12-305/3 од 13.3.2013	13-7583/4 од 20.5.2013
ХЕМИЈА		
наставна хемија	17–528/2 од 23.03.2017	УП1 14-853 од 08.05.2017
применета хемија	17–526/2 од 23.03.2017	УП1 14-853 од 08.05.2017
применета хемија – аналитичка биохемија	12–299, 300, 301, 302, 303, 304/1	13-9101/4 од 14.08.2013
применета хемија – хемија на животната средина	12–299, 300, 301, 302, 303, 304/1	13-9101/4 од 14.08.2013
Назив на студиската програм	**Решение од одбор за акредитаци**	**Решение за почеток со работа од**
БИОЛОГИЈ		
биохемија и физиологија	12-299,300,301,302,	03-9101/4
екологија и таксономија (модули: наставен, еколошки,	12-299,300,301,302, 303,304/1 од	03-9101/4 14.08.2013

	молекуларна биологија	12-299,300,301,302,	03-9101/4
	форензичка биологија	1409-166/2 од	Во постапка
	ГЕОГРАФИЈ		
	географски информациски	12-222/2 од 09.02.2015	14-610 од 09.04.201
	туризам двегодишни	12-8/3 од 12.03.2013	13-7582/4 од
	туризам едногодишни	12-8/2 од 12.03.2013	13-7582/4 од
	демографија	12-139/2 од 23.02.2016	УП 1 14-3420 од 17.1.2017
	ЕТНОЛОГИЈА И АНТРОПОЛОГИЈА		
	етнологија и антропологија	12-299,300,301,302,	03-9101/4
	МАТЕМАТИК		
	математички науки и примени	12-123/6 од 14.01.2014	13-982/4 18.02.2014
	математичко образование во основно и средно училиште	12-123/5 од 14.01.2014	13-982/4 18.02.2014
	нумеричка оптимизација и	12-123/4 од 14.01.2014	13-982/4
	математичка статистика, актуарство и математичко	12-38/2 од 15.04.2014	13-7931/4 20.05.2014
	ХЕМИЈА		
	наставна хемија	17 -33/4 од 21.03.2017	УП1 14-853 од 8.05.2017
	применета хемија	17 -33/2 од 21.03.2017	УП1 14-853 од 8.05.2017
	применета хемија - аналитичка биохемија	17 -33/3 од 21.03.2017	УП1 14-853 од 8.05.2017
	ФИЗИК		
	применета физика	12-79/7 од 25.2.2016	14-661 од 2.9.2016
	теориска физика	12-79/6 од 25.2.2016	14-661 од 2.9.2016
	метеорологија	12-79/8 од	14-661 од 2.9.2016
	геофизика	12-79/11 од	14-661 од 2.9.2016
	астрономија и	12-79/12 од	14-661 од 2.9.2016
	сончева енергија	12-79/4 од 25.2.2016	14-661 од 2.9.2016
	методика на наставата по физика	12-79/9 од 25.2.2016	14-661 од 2.9.2016
	медицинска физика	12-79/10 од	14-661 од 2.9.2016
	физика за компјутерски хардвер	12-79/5 од 25.2.2016	14-661 од 2.9.2016
	Назив на студиската програм	**Решение од одбор за акредитаци**	**Решение за почеток со работа од**
	БИОЛОГИЈ		
	биохемија и физиологија	12-136/4 од 17.11.2014	УП1бр. 14-1711 од 25.08.2015

	екологија	12-136/3 од 17.11.2014	УП1бр. 14-1711 од 25.08.2015
	таксономија	12-136/2 од 17.11.2014	УП1бр. 14-1711 од 25.08.2015
	молекуларна биологија	12-136/5 од 17.11.2014	УП1бр. 14-1711 од 25.08.2015
	ГЕОГРАФИЈ		
	географија	12-138/2 од 18.11.2014	УП1бр. 14-32/1 од 12.01.2015
	ЕТНОЛОГИЈА И АНТРОПОЛОГИЈА		
	етнологија и антропологија	12-154/2 од 23.01.2015	УП1бр.14-301 од 21.04.2015
	МАТЕМАТИК		
	математички науки и примени	12-145/3 од 23.12.2014	УП1бр.14-301 од 21.04.2015
	ФИЗИК		
	физика	12-259/3 од 15.05.2015	14-1131 од 01.07.2015
	ХЕМИЈ		
	хемија	12-137/2 од 18.11.2014	14-32/1 од 12.01.2015
Студиски и научно-истражувачки подрачја за кои е добиена акредитација	Природно-математичко, техничко-технолошко, општествено, хуманистичко		
Единици во состав на високообразовната установа	1. Институт за биологија, 2. Институт за географија, 3. Институт за етнологија и антропологија, 4. Институт за математика, 5. Институт за физика, 6. Институт за хемија и 7. Сеизмолошка опсерваторија		
Студиски програми што се реализираат во единицата која бара проширување на дејноста со воведување на нови студиски програми	**ПРВ ЦИКЛУС** **Студиски програми по биологија** Биологија (за наставен кадар во средно образование) Биохемија и физиологија Екологија Молекуларна биологија Нутрициoнизам **Студиски програми по географија** Наставна географија Географски информациски системи Демографија Туризам **Студиска програма по етнологија и антроплогија** Етнологија и антропологија **Студиски програми по информатика** (4-годишни студии) Информатичко образование Компјутерски науки Информациски системи Програмско инженерство Компјутерски архитектури и мрежи **Студиски програми по информатички технологии** (3-годишни студии) Интернет и мобилни технологии Администрирање на компјутерски мрежи **Студиски програми по**		

	Теориска математика Математичка економија Математичко програмирање Математика-информатика (применета) Математика- информатика (наставна) **Студиски** **програми по физика** Наставна физика Теориска физика Применета физика Геофизика и метеорологија Астрономија и астрофизика Медицинска физика Физика на компјутерски хардвер Форензичка физика Физика на сончева енергија **Студиски програми по** **хемија** Наставна хемија Применета хемија Применета хемија – Аналитичка биохемија Применета хемија – Хемија на животната средина **Двопредметни студии** Биологија-хемија Математика-физика Математика-информатика за основно образование **ВТОР ЦИКЛУС** **Студиски програми по биологија** Биохемија и физиологија Екологија и таксономија (модули: наставен, еколошки и таксономски) Молекуларна биологија Форензичка биологија **Студиски програми по** **географија** Географски информациски системи Демографија Туризам двегодишни Туризам едногодишни **Студиска програма по етнологија и антроплогија** Етнологија и антропологија **Студиски програми по математика** математички науки и примена математичко образование во основно и средно училиште нумеричка оптимизација и апроксимации математичка статистика, актуарство и математичко моделирање во економија **Студиски програми по физика** применета физика, теориска физика, медицинска физика, геофизика, метеорологија, астрономија и астрофизика сончева енергија методика на наставата по физика физика за компјутерски хардвер **Студиски програми по хемија** Наставна хемија Применета хемија

Применета хемија - Аналитичка биохемија

	Молекуларна биологија СТУДИИ ПО ГЕОГРАФИЈА Географија СТУДИИ ПО ЕТНОЛОГИЈА И АНТРОПОЛОГИЈА етнологија и антропологија СТУДИИ ПО МАТЕМАТИКА Математички науки и примени СТУДИИ ПО ФИЗИКА Физика СТУДИИ ПО
Податоци за меѓународна соработка на планот на наставата, истражувањето и мобилноста на студентите	Размената на студентите се изведува преку следниве програми: - Erasmus+ Акција 1 (Индивидуална мобилност за студенти) - преку УКИМ - програмата CEEPUS (Central European Exchange Program for University Studies), - фондацијата DAAD, - фондацијата Alexander von Humbpoldt - фондацијата Fulbright - IAESTE организација за размена на студенти. Покрај тоа, се одвива и размена на студенти преку канцеларијата на фракофонските земји за организација на семинари за докторски студии.
Податоци за просторот наменет за изведување на наставната и истражувачката дејност	-вкупна површина (во m^2) 19.375 m^2 (нето површина) -вкупен број лаборатории 116 со вкупна површина од 5.169,67 m^2 -вкупен број кабинети156 со површина од 2.777,07 m^2 -вкупен број предавални 27 предавални + 6 амфитеатри со површина од2.560,74 m^2 -површина по запишен студент m^2 2.23 m^2 -вкупна површина на опитни станици $м^2$ 5.169,67 m^2 -други простории: простории за академскиот кадар и други вработени
Податоци за опремата за изведување на наставната и истражувачката дејност	краток опис на опремата: - три атомски апсорпциони спектрометри; инфрацрвени инструменти (FT интерферометар и класичен спектрофотометар); Микро-раман спектрометар; ултравиолетови/видливи спектрофотометри; гасен хроматограф; гасен хроматограф со масен детектор; течен хроматограф (HPLC); течен хроматограф со масен детектор; два електрохемиски инструменти (потенциостат/галва-ностат); два мобилни, микропотенциостати (погодни за работа со студенти); 2D-електрофореграм - пламенфотометар; неколку рефрактометри; кондуктометри; поголем број pH- метри; аналитички ваги; сушари; печки за жарење; центрифуги; апаратура за добивање дестилирана вода; - Апаратура за X-зраци Leybold; Осцилоскоп Voltcraft 630; Мултиметар Voltcraft 401; Мултиметар CHY 21; Мултиметар OGSM 61; Мултиметар OGSM 61; Стабилизиран исправувач Voltcraft TNG 30; Стабилизиран исправувач PS-302- A; абилизиран исправувач Iskra MA 4165; Функциски генератор Iskra MA 3733; Реглер трансформатор Iskra; Дигитален мултиметар HP 34401A; Дигитален мултиметар, рачен MY 68; Стробоскоп MA13900; Луксметар PLM-3; Ехоскоп Lehfeldt; Демонстрационен осцилоскоп ED-2; RC Генератор Iskra 3605; Дигитален мултиметар HP 34401A; LCR метар HP 3284 A; Систем мултиметар HP 3458 A; Пикоамперметар HP 4140 Б; Микроскоп МЦ80 ЗЕИСС; Тест Печка WTC Binder; Ќелија за диелектрични константи на течности; Ќелија за диелектрични константи на тврди тела; Прецизен потенциометар Dieselhorst T2334; Мултифлекс галванометар T6441; Вестонова стандардна ќелија 3500/БД; Луксметар PU 150; Амперметар X&Б; Стилоскоп Hilger; Спектроскоп со фотометарски клин; Дифракционен монохроматор IL-780; Дигитален радиометар; Спектрофотометар UNICAM PYE SPF 300;

	напарување; Апаратура за добивање на филмови со магнетрон; Апаратура за мерење на термичката ширина на забранетата зона; Елипсометар; Комплетна опрема за high-purity Ge (HPGe - детектор); Комплетна опрема за мерење на γ- зрачење; Комплетна опрема за мерење со сцинтилоскопски детектор; Комплетна опрема за мерење на X-зрачење; Опрема за детекција на неутронски флукс; Опрема за дозиметрија на јонизирачки зрачења; Скенирачки електронски микроскоп; - ПЦ компјутери (400 работни станици); 25 сервери; Проектори; Мрежна опрема; Преносни компјутери - Опрема за видео коференција - Мрежни уреди за складирање
Број на студенти за кој е добиена акредитација	За ПРВ ЦИКЛУС (Вкупно на ПМФ) редовни: 1014; со кофинансирање 364; вонредни: 82 За ВТОР ЦИКЛУС (Вкупно на ПМФ) 111
Број на студенти (прв пат запишани)	ЗА ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ: Прв пат во прва година 313 редовни, 21 вонреден ЗА ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ: 35
Број на лица во наставно-научни, научни и наставни звања	Вкупно/ наставници според звањето - редовни професори - 65 - вонредни професори - 23 - доценти - 22 Одделно/ наставници по Институти - Институт за биологија – 30 - Институт за географија – 12 - Институт за етнологија и антропологија – 6 - Институт за математика – 17 - Институт за физика – 23 - Институт за хемија – 21 - Сеизмолошка опсераваторија – 1
Број на лица во соработнички	- асистенти – 10 - помлади асистенти – 3
Однос наставник: студенти (број на студенти на еден наставник) за секоја единица одделно / Институт за математика /	**Податоци за учебната 2016/2017 година:** МАТЕМАТИКА **Редовни студенти** I година: 35 II година: 23 III година: 26 IV година: 22 IX- XV семестар: 30 **Вонредни студенти и Проект 35/45** I година: 1 II година: / III година: 1 IV година: 1 IX- XV семестар: 3 МАТЕМАТИКА-ИНФОРМАТИКА **Редовни студенти** I година: 3 II година: 2 III година: 3 IV година: 2 IX- XV семестар: 3 **Вонредни студенти и Проект 35/45** I година: / II година: / III година: 1 IV година: /
Однос наставник: студенти (број на студенти на еден наставник) за секоја единица одделно / Институт за математика и Институт за физика/	ДВОПРЕДМЕТНИ СТУДИИ (МАТЕМАТИКА-ФИЗИКА) Редовни студенти I година: 3 II година: 2 III година: / IV година: 2 Вонредни студенти и Проект 35/45 I година: 1 II година: / III година: / IV година: 1 Однос наставник: студенти (бр. на студ. на еден наставник за ИМ): **10,41** ФИЗИКА

Однос наставник: студенти (број на студенти на еден наставник) за секоја единица одделно / Институт за физика	**Редовни студенти** I година: 26 II година: 12 III година: 14 IV година: 23 IX- XV семестар: 14	**Вонредни студенти и Проект 35/45** I година: 1 II година: / III година: / IV година: /
	Однос наставник: студенти (бр. на студ. на еден наставник за ИФ): **4,6**	
Однос наставник: студенти (број на студенти на еден наставник) за секоја единица одделно / Институт за хемија	ХЕМИЈА	
	Редовни студенти I година: 47 II година: 31 III година: 38 IV година: 38 IX- XV семестар: 54	**Вонредни студенти и Проект 35/45** I година: 5 II година: / III година: / IV година: /
	Однос наставник: студенти (бр. на студ. на еден наставник за ИХ): **10,38**	
Однос наставник: студенти (број на студенти на еден наставник) за секоја единица одделно / Институт за биологија	БИОЛОГИЈА	
	Редовни студенти I година: 83 II година: 83 III година: 71 IV година: 63 IX- XV семестар:152	**Вонредни студенти и Проект 35/45** I година: / II година: / III година: / IV година: /
Однос наставник: студенти (број на студенти на еден наставник) за секоја единица одделно / Институт за биологија и Институт за хемија	ДВОПРЕДМЕТНИ СТУДИИ (БИОЛОГИЈА-ХЕМИЈА)	
	Редовни студенти I година: 3 II година: / III година: / IV година: 1	**Вонредни студенти и Проект 35/45** I година: 3 II година: / III година: / IV
	Однос наставник: студенти (бр. на студ. на еден наставник за ИБ): **15,1**	
Однос наставник: студенти (број на студенти на еден наставник) за секоја единица одделно / Институт за географија	ГЕОГРАФИЈА	
	Редовни студенти I година: 106 II година: 65 III година: 70 IV година: 63 IX- XV семестар:92	**Вонредни студенти и Проект 35/45** I година: 5 II година: 9 III година: 10 IV година: 6 IX- XV семестар: 12
	Однос наставник: студенти (бр. на студ. на еден наставник за ИГ): **36,5**	
Однос наставник: студенти (број на студенти на еден наставник) за секоја единица одделно / Институт за етнологија и антропологија	ЕТНОЛОГИЈА И АНТРОПОЛОГИЈА	
	Редовни студенти I година: 7 II година: 9 III година: 6 IV година: 4 IX- XV семестар: 17	**Вонредни студенти и Проект 35/45** I година: 6 II година: 1 III година: / IV
	Однос наставник: студенти (бр. на студ. на еден наставник за ИЕА): **9,7**	
Однос наставник: студенти (број на студенти на еден наставник) за секоја единица одделно / ПМФ	ИНФОРМАТИКА (четиригодишни студии)	
	Редовни студенти I година: / II година: / III година: 1 IV година: 1 IX- XV семестар: 8	**Вонредни студенти и Проект 35/45** I година: / II година: / III година: / IV

	ИНФОРМАТИКА (тригодишни студии)	
	Редовни студенти I година: / II година: / III година: / IX- XV семестар: 20	**Вонредни студенти и Проект 35/45** I година: / II година: / III година: / IX- XV семестар: 1
	Однос наставник: студенти (бр. на студ. на еден наставник): **6,2**	
Внатрешни механизми за обезбедување и контрола на квалитетот на студиите	Мониторинг и контрола на квалитетот на студиите на ПМФ се обезбедува на повеќе нивоа. На поодделните институти организација на студиите и нивна контрола спроведуваат раководителите на институтите и координаторите на заводите. На Факултетот постои комисија за студентски молби и барања и наставна комисија. Покрај тоа, за квалитетот на студиите се грижат деканот и продеканот за настава. По завршувањето на секој семестар, раководителите на институтите спроведуваат анонимна студентска анкета, а таква анкета спроведува и продеканот за настава на крајот на секоја учебна година. Некои наставници	
Фреквенција на самоевалуациониот процес (секоја година, на две години, на три години)	Согласно Статутот на УКИМ член 307 самоевалуацијата се спроведува на интервали од најмногу 3 години. Самоевалуациониот процес се врши врз основа на Упатството за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на единиците на Универзитетот, донесено од Универзитетскиот	
Податоци за последната спроведена надворешна евалуација на	Последната надворешна евалуација на ПМФ е спроведена во 2014/15 година во рамките на надворешната евалуацијата на УКИМ, а од Агенцијата за евалуација на високото образование на Република Македонија, надворешна	
Други податоци кои установата сака да ги наведе како аргумент за нејзината успешност	Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје е водечка академска институција според мериторни критериуми за евалуација засновани на бројноста на објавени научни трудови во земјата и во странство. Околу 30% од сите публикации во списанија со фактор на влијание објавени од автори од Р. Македонија, припаѓаат на трудовите објавени од научниот кадар на ПМФ. Според анализата направена на почетокот на 2015 година врз основа на базата SCOPUS, научниот кадар на ПМФ објавил повеќе од 2000 публикации цитирани од оваа база (која е една од најрелевантните бази за анализа на научната публицистика). Во програмата на УКИМ за избор на најдобри научници, ПМФ има свои претставници во секоја од изминативе 4 години. Покрај тоа, дел од научниот кадар на ПМФ е носител на престижни државни награди, како што се, на пример, наградата Гоце Делчев и наградата за најдобар научник на Претседателот на Р. Македонија, потоа, награди на УКИМ, како што се наградата „Св. Кирил и Методиј“ и плакети за заслуги, потоа наградата на	

1а. Општи дескриптори на квалификации за секој циклус на студии согласно со Уредбата за националната рамка на високо-образовните квалификации

Тип на дескриптори	**Општ дескриптор на квалификациите**
Знаење и разбирање	- Покажува знаење и разбирање во полињата на етнологијата и антропологијата, кое се надградува врз претходното образование и обука, вклучувајќи и познавање во доменот на теоретски, практични, концептуални, компаративни и критички перспективи во етнологијата и антропологијата согласно соодветните методологии. Да се стекне разбирање на суштинските карактеристики на етнологијата и на антропологијата и познавање на тековните прашања во врска со научните истражувања и новите извори на знаење во сферата на дисциплините. Покажува знаење и разбирање за разни теории, методологии. - Покажува познавање во доменот на теоретски, практични, концептуални, компаративни и критички перспективи во етнологијата и антропологијата и поседува знаења за примена на сложени и специфични методи во истражувањата.

	- Разбирање на соодветните области од етнологијата и антропологијата и познавање на тековните прашања во врска со научните истражувања и новите извори на знаење. - Поседува изградени ставови од етиката во етнолошките и антрополошките истражувања.
Примена на знаењето и разбирањето	- Може да го примени знаењето и разбирањето на начин што покажува професионален пристап во работата или професијата. Покажува компетенции за идентификација, анализа и решавање проблеми. Способност за пронаоѓање и поткрепување аргументи во рамките на полето на студирање на етнологијата и на антропологијата.
Способност за проценка	- Способност за прибирање, анализирање, оценување и презентирање информации, идеи, концепти од сферата на етнологијата и на антропологијата. Донесување соодветна проценка земајќи ги предвид личните, општествените, научните и етичките аспекти. Способност да оценува теоретски и практични прашања, да дава објаснување за причините и да избере соодветно решение.
Комуникациски вештини	- Способност да комуницира и дискутира, и со стручната, и со нестручната јавност за информации, идеи, проблеми и решенија кога критериумите за одлучување и опсегот на задачата се јасно дефинирани. Презема поделена одговорност за колективни резултати. Способност за независно учество, со професионален пристап, во специфични, научни и интердисциплинарни дискусии.
Вештини на учење	- Презема иницијатива да ги идентификува потребите за стекнување понатамошно знаење и учење со висок степен на независност.

1б. Специфични дескриптори на квалификацијата со кои се одредуваат резултатите од учењето за поединечна студиска програма согласно со Уредбата за националната рамка на високо-образовните квалификации

знаења и разбирање	Покажува знаење и разбирање на основите во сферата на етнологијата и на антропологијата, посебно во полето на социјалната и на културната антропологија. Усвоил знаења во доменот на теоретските, практичните, концептуалните, компаративните и критичките перспективи во етнологијата и антропологијата, посебно од доменот на традиционалниот и соремениот живот, на научноистражувачка работа, евидентирање, чување, презентирање и управување со културното наследство. Ги совладал основите на методологијата на научноистражувачката работа во сферата на етнологијата и на антропологијата. Ги познава и ги следи тековните прашања во врска со научните истражувања и новите извори на знаење во сферата на дисциплините.

примена на знаењето и разбирањето	Може да го примени знаењето и разбирањето на различни аспекти на човековото живеење, а кои се од делокругот на етнолошките и антрополошките проучувања, и истите знае и е обучен да ги примени во пракса, работејќи како професионалец во повеќе јавни дејности кои го тангираат хуманистичкото, општественото, културното живеење на човекот. Покажува компетенции за идентификација, анализа и решавање проблеми од доменот на етнолошките и антрополошките аспекти на јазикот, полот и родовите студии, човековите права, здравствената култура, религијата, животот во руралните и урбаните средини, популарната култура, водењето и управувањето со културата во владините и невладините институции. Способност за пронаоѓање и поткрепување аргументи за да се дојде до одговор и да се даде објаснување за причините и взаемната поврзаност на разни општествени или културни настани и појави.
способност за проценка	Способност за прибирање, анализирање, оценување и презентирање информации, идеи, концепти од релевантни податоци во сферата на општественото и културното живеење на човекот. Способност за проценка и справување со различни ситуации во историски или современ котекст. Донесување соодветна проценка земајќи ги предвид личните, општествените, научните и етичките аспекти. Способност да оценува теоретски и практични прашања, да дава објаснување за причините и да избере соодветно решение.
комуникациск и вештини	Способност да комуницира и дискутира, и со стручната, и со нестручната јавност, со посебен акцент за изградување на однос за презентирање информации во јавност преку медиумите за етнолошките и антрополошките дискурси во проучувањето на општествените и културните појави. Способност за самостојно, независно учество со професионален пристап, во специфични, научни и интердисциплинарни дискусии.
Вештинии на учење	Презема иницијатива да ги идентификува потребите за стекнување понатамошно знаење и учење со висок степен на независност во доменот на етнологијата и антропологијата. Иницијатива да запознава, разбира и насочува кон активна, недискриминирачка работа. Оформување на целокупна процена на потребите на поединците, односно групите, нивните јаки и слаби страни, почитувајќи ги факторите на опкружувањето (физички, општествени, културни), со соодветни постапки.

2. Одлука за усвојување на студиската програма од Наставно- научниот совет на единицата, односно Советот на научната установа

Одлуката за усвојување на студиските програми за третиот циклус на Институтот за етнологија и антропологија од Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет е дадена во документацијата доставена од страна на ПМФ (Прилог 1).

3. Одлука за усвојување на студиската програма од Ректорската управа или Универзитетскиот сенат, односно Советот на научната установа

Одлуката за усвојување на студиските програми за трет циклус на Институтот за етнологија и антропологија од Ректорската управа или Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Скопје е дадена во документацијата доставена од страна на УКИМ (Прилог 2).

4. Научно- истражувачко подрачје, поле и област, каде припаѓа студиската програма

<u>Студиска програма по етнологија и антропологија</u>

Научно-истражувачко подрачје:

6	**Научно подрачје: хуманистички науки**
601	**Етнологија и етногенеза**
61000	**Етногенеза**
61001	**Материјална култура**
61002	**Социјална култура**
61003	**Духовна култура**
61004	**Теорија и историја на цивилизацијата**
61005	**Етнологија на Европа и Средниот Исток**
61006	**Етнологија на Македонија**
61007	**Историја на етнологијата**
61008	**Фолклористика**
61009	**Друго**

5	**Научно подрачје: општествени науки**
501	**Антропологија**
50100	**Физичка антропологија**
50101	**Економска антропологија**
50102	**Културна антропологија**
50103	**Социјална антропологија**

50104 Применета антропологија
50105 Друго

5. Вид на студиската програма (академски или стручни)

Академски студии

6. Степен на образование

Студиската програма е од трет циклус студии.

7. Цел и оправданост за воведување на студиските програми

Институтот за етнологија и антропологија е единствена високообразовна и научноистражувачка институција од сферата на етнологијата и антропологијата во Република Македонија. Иако студиите по етнологија постојат од 1989 година, Институтот за етнологија и антропологија, како посебна организациона единица на ПМФ постои од 2005 г. На овој институт од 2008 г. Се реализираат студии на прв и на втор циклус студии по етнологија и антропологија според ЕКТС.

Современите текови во науката и образованието, налагаат потреба од континуирано образување со воведување на нови наставни содржини кои ќе овозможат следење на новите трендови и обезбедување на кадри способни да се соочат со предизивиците на современото општество и пазарот на трудот.

Од учебната 2015/16 г. на Инстититутот за етнологија и антропологија се реализираат студии од третт циклус по етнологија и антропологија.

8. Години и семестри на траење на студиската програма

Студиите траат три години т.е. 6 (шест) семестри.

9. ЕКТС кредити со кои се стекнува студентот

Студиите овозможуваат стекнување на минимум 180 ЕКТС кредити.

10. Начин на финансирање, а за приватните високообразовни и научни установи и доказ за

обезбедена квалитетна финансиска гаранција за студиската програма

Кандидатите се запишуваат како редовни студенти со самофинансирање на студиите на Институтот за етнологија и антропологија. Школарината се определува со посебна одлука на инситуцијата изведувач. Во вкупниот износ е вклучена и одбраната на докторската дисертација.

11. Услови за запишување

На студиската програма од третиот циклус докторски студии право за запишување имаат лица кои ги исполнуваат условите цитирани во член 13, 14 и 15 од Универзитетски гласник (година XIII, бр.245, 2. мај 2013 год.). Условите и критериумите за запишување на студентите на студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" ги пропишува Ректоратот на Универзитетот во согласност со законските прописи и препораките на Министерството за образование и наука.

11.1 СТРУКТУРА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА согласно правилникот за организирање докторски студии на единицата, број на предвидени предмети и стекнати кредити, како и број на кредити стекнати со изработката на докторскиот труд

Во структурната организираност на оваа студиска програма треба да бидат задоволени одредени критериуми:

- Во текот на студиите студентот треба да собере 180 ЕКТС кредити;
- Бројот на кредити е 30 ЕКТС за еден семестар или 60 во текот на една година;
- Еден кредит подразбира 30 часа работа. Остварување 60 кредити значи 1800 часови оптеретување;
- Наставата се одвива 15 недели во семестари или триесет недели во една учебна година.

Студиската програма на докторски студии е изградена од повеќе компоненти кои имаат логичен редослед. Имено, таа се состои од:

1. Три предмети за стекнување генерички знаења и вештини за истражување, што изнесува 12 кредити (секој предмет од оваа група е вреднуван со 4 кредити). Овде припаѓаат еден предмет од групата предмети Научноистражувачка етика со примена и примери во подрачјето, еден предмет од групата предмети Методологија на научното истражување со примена и примери во подрачјето и уште еден предмет од понудената листа на други предмети од обуката за истражување, која по

предлог на единицата носител на студиските програми, ја потврдува Универзитетскиот стручен совет за докторски студии.

2. Докторските семинари, конференции и работилници од истражувачката практика изнесуваат 18 кредити. Семинарот и годишната конференција се организираат за секоја академска година и се реализираат со јавна презентација. Секоја јавна презентација на семинар и годишна конференција се вреднува со по 2 кредити (2+2+2 – јавна презентација; 2+2+2 – годишна конференција). Работилниците за истражувачката практика се организираат во рамките на студиската програма. Секоја работилница се вреднува со по 3 кредити (3+3).
3. Обуката за едукација опфаќа пет предмети од полето, подрачјето и потесната област на истражувањето, што изнесува 30 кредити (6+6+6+6+6 кредити). Во оваа група предмети припаѓаат изборни предмети.

Активностите поврзани со пријавување и изработка на докторската дисертација опфаќаат:

- Истражување за подготовка на тема за докторска дисертација (во II семестар) се вреднува со 14 кредити;
- Истражување, подготвување и поднесување на пријавата на темата за докторска дисертација (во III семестар), се вреднуваат со по 28 кредити;
- Истражување и објавување резултати (во IV семестар) се вреднуваат со 25 кредити; Истражување и објавување резултати (во V семестар) се вреднуваат со 28 кредити; Истражување и пишување на тезата (во VI семестар) се вреднуваат со 25 кредити.

Наставата на студиската програма се изведува на македонски јазик. Според потребите и афинитетот на кандидатите одредени делови може да се организираат и изведуваат и на англиски јазик. Литературата за настава може да биде и на некој од светските јазици.

Наставата на докторските студии се организира во два облика:

- Групна настава, која е основен облик на докторските студии и може да се организира по сите премети. Најмалата бројка на студенти за кои треба да се организира групна настава е 5 кандидати.
